ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Покана за Работилница на тема „ Извршување на ревизорски постапки "**

Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) согласно Годишната програма за Континуирано професионално усовршување за 2018 година, организира работилница на тема „Планирање на ревизијата и идентификување на ризици" каде што преку обработка на студија на случај ќе бидат вклучени следните области:

- Ревизорски постапки за приходи;
- Ревизорски постапки за набавки
- Ревизорски постапки за плати
- Ревизорски постапки за пари и готовина
- Ревизорски постапки за останати процеси
- Ревизорски постапки за метода на примерок
- Завршни ревизорски постапки
- Континуитет – практичен случај

Работилницата ќе се одржи на 17 и 18 октомври 2018 година, од 09.00 до 17.00 часот, во Скопје. За точната локација ќе бидете дополнително известени. Надоместокот за присуство на работилницата изнесува 6.000,00 денари по учесник за два дена.

Цел на работилницата. Спроведување на обука за практична примена на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР) која што ќе им помогне на ревизорите во мали и средни ревизорски друштва и кај овластени ревизори - трговци поединци да развијат ревизорски алатки што ќе ги применуваат во праксата за документирање на спроведувањето на ревизорски процедури и постапки.

Целна група на слушатели. Ревизори вработени во мали и средни ревизорски друштва и кај овластени ревизори - трговци поединци, кои што имаат одредено искуство во ревизијата, во група од максимално 25 лица.

Предавачи. Гоце Христов, Ненад Ранѓеловиќ, Милена Јованова Димовска и Костадин Пецев, овластени ревизори, членови на ИОРРМ.

Признаени часови за КПУ. На овластени ревизори кои ќе присуствуваат на работилницата ќе им бидат признаени 16 часа КПУ за 2018 година.

Рокот за пријавување на присуство е 02.10.2018 година на е-пошта contact@iorrm.org.mk.

Напомена. Работилницата ќе се одржи само доколку има доволен број на пријавени слушатели.

**Борислав Атанасовски**

**Претседател на ИОРРМ**

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ИОРРМ СКОПЈЕ

Ул. 11 Октомври бр. 52А/1-3, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел: 02 3227 599 Факс: 02 3296 349 web: http://www.iorrm.org.mk